## Република Македонија
## Јавно Претпријатие за Државни Патишта

# ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ (ПВЗС)

## ИЗГРАДБА НА ЕКСПРЕСЕН ПАТ А3, ДЕЛНИЦА ШТИП(ТРИ ЧЕШМИ)- КОЧАНИ
## Република Македонија



CIVIL ENGINEERING INSTITUTE MACEDONIA

мај , 2016

Содржина


1. ВОВЕД ....................................................................................................................................4

2. ПРОЕКТОТ...............................................................................................................................6

2.1 Кратка историја на развојот на Проектот..............................................................................6

2.2 Опис на Проектот ..................................................................................................................8

2.3 Значење на проектот ..............................................................................................................9

3. ПРАВНА РАМКА ЗА АНГАЖМАН НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИТЕ .............................................10

4. СТРАТЕГИЈА ЗА АНГАЖМАН НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИТЕ ...............................................12

5. АНГАЖМАН НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ ....................................................................................13

6. ИДЕНТИФИКУВАНИ НОСИТЕЛИ НА ПРОЕКТОТ, ПЛАН ЗА АНГАЖМАН И МЕТОД ЗА КОМУНИКАЦИЈА ........................................................................................................................14

7. ПРОГРАМА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ...........................................19

8. ПОСТАПКА ЗА ЖАЛБА.............................................................................................................20

9. МОНИТОРИНГ ..........................................................................................................................22

10. ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ – КОНТАКТНИ ИНФОРМАЦИИ .........................................................23

СКРАТЕНИЦИ:

| | |
|---|---|
| ЕБОР | Европска банка за обнова и развој |
| ОВЖС | Оценка на влијанието врз животната средина |
| АПЖСО | Акционен план за животната средина и општеството |
| ЕСП | Еколошка и социјална политика |
| СОВЖ | Стратегиска оценка на влијанието врз животната средина |
| РСЗП | Рамка за стекнување земјиште и преселување |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| НТР | Нетехничко резиме |
| СВРМ | Службен весник на Република Македонија |
| ЈПДП | Јавно претпријатие за државни патишта |
| ПВЗС | Планот за вклучување на засегнатите страни |

# 1. ВОВЕД

Овој документ е План за вклучување на засегнатите страни **(ПВЗС)** за Проектот “Изградба на експресниот пат А3, делница Штип (Три чешми) –Кочани”. Документот ќе биде надграден и изменет соодветно, во согласност со различните фази од процесот на проектирање, обезбедувајќи лицата засегнати од Проектот да ги кажат своите мислења и коментари во однос на проектните активности.

Проектот е изготвен од Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП) и нивниот именуван Проектант-Градежен Институт „Македонија“ А.Д. Скопје (ГИМ) и Чакар и Партнери. Главната причина за изградба на овој пат е подобрените транспортни врски кои се сметаат како предуслов за забрзувањето на стопанските дејности и привлекувањето нови инвестиции.Изградбата е поддржана од Министерството за транспорт и врски и од Владата на Република Македонија.

Европската банка за реконструкција и развој (ЕБОР) разгледува да овозможи кредит за изградба на новиот експресен пат А3, делница Штип (Три чешми) – Кочани, што ќе ја унапреди интеграцијата на регионалниот транспорт и врските со соседните земји,согласно страгегијата за Транспорт на РМ.

Во согласност со националните и барањата од ЕБОР, јавноста и другите засегнати страни ќе бидат вклучени во секоја етапа од проектот. Со имплементацијата на целите на ПАНУ ќе се обезбедат соодветни и навремени информации за сите засегнати од проектот.Со утврдувањето на правилни механизми за информирање, консултација и вклученост, ќе се овозможи јавна расправа, односно активно учество на јавноста во донесување на одлуки. Добрата примена на ангажманот на засегнатите страни ќе придонесе за позитивно прифаќање и избегнување на вознемирување/незадоволство на засегнатите луѓе, на проектните активности што би можеле да бидат предизвикани од проектот. Овој документ е подготвен да биде основа за конзистентни, сеопфатни, координирани и културно соодветени пристапи за вклучување на засегнатите страни во текот на различните фази на проектот.

Вклучување на засегнатите страни е процес кој се одвива преку:

(I) јавно објавување на соодветни информации за да се овозможат консултации со засегнатите страни, како што се распоред на активности во проектот, опис на проектот со сите фази и активности кои можат да влијаат на засегнатите страни како и активности планирани да се преземат за ублажување на негативните влијанија,

(Ii) Консултации со потенцијално засегнатите страни,

(Iii) Механизми за повратни информации преку воспоставување на постапка или политика каде луѓето можат да даваат коментари или жалби

ЈП за државни патишта започна со овој процес во најраната фаза на проектот и ќе продолжи со спроведување во текот на целата имплементација на проектот.

Овој ПВЗС се базира на фазен пристап. Во секоја фаза треба да се дискутира за повеќе прашања со заинтересираните страни. Фазен пристап за имплементација на ПВЗС поддржува соодветно и навремено решавање на потенцијалните проблеми и е поефикасен во придобивање на јавната поддршка за проектот. Дел 6 има листа на идентификуваните засегнати страни во различни фази на реализација на проектот, прашања кои се од значење за да се дискутира и методи на комуникација.

Планот за вклучување на засегнатите страни, на македонски и на англиски јазик, ќе биде објавен на веб страницата на ЈП за државни патишта (www.roads.org.mk), на веб-страницата на Европската банка за обнова и развој (www.ebrd.com) и на веб-сајтовите на соодветните општини. Тврди копии од ПВЗС, исто така, ќе им се даде на локалните власти и ќе се објави наогласни табли. Детали за тоа каде можете да дознаете тековни информации за состојбата на проектот се дадени во Дел 7.

Ако би сакале да бидете додадени во листата на контакти на засегнатите страни и да добивате информации за проектот и можностите за коментар, ве молиме контактирајте со:


**Јавно Претпријатие за Државни Патишта**
Даме Груев 14, 1000 Скопје

**Јоже Јовановски**
**тел:** + 389 (0)2 3118-044, ext. 305
**Fax:** + 389 (0)2 3220-535
**e-mail:** j.jovanovski@roads.org.mk

# 2. ПРОЕКТОТ

## 2.1 Кратка историја на развојот на Проектот

Со цел подобрување на патна врска помеѓу Штип и Кочани беа разгледани две опции. Првата опција беше изградба на нов експресен пат ,додека втората опција беше на проширувањето и надградба на постоечкиот регионален пат Штип – Кочани до нивото на експресен пат.

За првата опција беше изготвена Физибилити студија со Анализа на проектираниот сообраќај за автопатно решение за Националниот пат М-5: Бугарска граница (Црна Скала) – Три Чешми – Кадрифаково – Отовица и беше изготвена во декември 2011 год. Студијата ја испитува тековната фрекфенција на сообраќај, планираниот сообраќаен тек и потенцијалните социјални и економски подобрувања што се појавуваат од подобрата комуникација. Физибилити студијата разгледува две алтернативи решенија „десна алтернатива“ и „лева алтернатива“ во однос на текот на реката Брегалница (Слика бр. 1).




*Слика 1 - Двете алтернативи разгледувани во Физибилити студијата*
(*Сина линија – „лева алтернатива“, црвена линија – „десна алтернатива“)*
*Извор: Физибилити студија од 2011 год.*

Студија за оценка на влијанието врз животната средина е изготвена од DIWI Македонија Дооел. Студијата е одобрена од МЖСПП (издадено е Решение за одобрување бр. 11-1813/8 на 31.12.2012 год.) чие важење е продолжено на уште две години до почетокот на изградбата (Продолжение бр. 11-951/2 од 06.03.2015.), Беа анализирани двете алтернативи и спореден во однос на квалитетот и вредноста на земјиштето и сопственоста, влијанието врз системот за водоснабдување, вкрстувањето на електричните линии, минувањето низ населбите, насипите и раскрсниците итн. Врз основа на одобрената Студија за оценка на влијанието врз животната средина, „Десната варијанта “ (северно од река Брегалница) се смета како подобра.

Стратешката оценка на влијанието врз животната средина (СОВЖС) е изготвена и презентирана на засегнати страните на јавната расправа на 23-ти септември 2015 год. Во СОВЖС е претставен проектот за експресниот пат А3, делница Штип (Три чешми) – Кочани (должина, технички карактеристики, натпатници, потпатници,

главни раскрсници)  и идентификувани се негативните влијанија што може да влијаат врз еколошките и социо-економските аспекти како и да предложат мониторинг план за еколошките и социјалните мерки.

Во 2014 год. беше анализирана втората опција, т.е., постоечкиот државен пат А3, делница Штип – Кочани да биде надграден на ниво на експресен пат, но таа опција е отфрлена поради неколку причини.Имено, за да се обезбедат врски за локалниот сообраќај со блиските населби, ќе биде неопходно да се изградат локални патишта со постоечкот пат надграден како експресен пат. Површината на која ќе се гради патот е претставена пред се од земјоделско земјиште за производство на ориз, каде има широка мрежа од иригациони канали и земјата е во главно под вода.На јавните консултации, граѓаните беа строго против таа траса, наведувајќи дека трасата не е многу безбедна и дека поради брзото возење на идниот експресен пат со што би се зголемиле сообраќајните несреќи. Друга причина за нивниот приговор беше потребата од експропријација на земјиштето што е од мошне добар квалитет. На јавните расправи, предложеното техничко решение за влез во градот Кочани исто така не беше прифатено од граѓаните ниту од локалната самоуправа.

Поради горе наведените причини, таа опција беше сметана како неприфатлива и таа идеја за изградба на експресен пат со продолжување на постоечкиот пат беше отфрлена. Како поприфатливо решение, се сметаше експресниот пат да биде изграден северно од постоечкиот пат Штип-Кочани, во попланинска област, каде влијанијата од проектот се очекува да бидат со помалку негативни влијанија врз општеството.




**Слика  2 – Финална траса**
**Извор: Елаборат од 2011 год.**

Поради горе наведените причини, со посебен извштај изготвен од инженерите проектанти и заверен со Мислењето бр. 12-08/123/3-15 од 21.01.2015 год. издадено од Градежниот Факултет во Скопје, наместо реконструкција и рехабилитацијата на постоечкиот регионален пат А3, делница Штип-Кочани, беше прифатен Инфраструктурниот проект изготвен за полу-автопатско решение (експресен пат) во 2011 год., кој веќе и беше предмет на Оценка на влијание врз животната средина и за него е изработена  Физибилити студија.

Избраната траса обезбедува одземање на помала површина од наводнуваното земјоделско земјиште користено за производство на ориз.Исто така патот нема да минува низ населени места. Почвата на која новиот експресен пат ќе биде изграден е со пониска класа (пониска вредност за надомест) и ќе бара помалку средства за одземање на земјиштето. Се очекува 840.000 $m^2$ земјиште да бидат одземени, од кои 70% ги поседува државата. Пристапот до постоечките локални земјени патишта и регионалните патишта ќе биде обезбеден.

Постоечкиот државен пат Штип – Кочани ќе остане за употреба за мешовит сообраќај (алтернативна траса) со оглед на бројните населби покрај патот. Тие населби треба да бидат поврзани со новиот експресен пат преку патните јазли одделени со нивелета според планот. Безбедноста на сообраќајот ќе биде исто така подобра бидејќи експресниот пат треба да се користи исклучиво за постојан сообраќај на моторни возила.

## 2.2 Опис на Проектот

**Збирен опис на Проектот**

Експресниот пат започнува на североисток од Штип, место викано Три чешми, над ТИРЗ „Штип", потоа продолжува широко во североисточен правец преку земјоделски полиња, минува помеѓу с. Крупиште и с. Жиганци на раздалечина од околу 2-2.5 km., потоа близу с. Соколарци, с. Спанчево, с. Бања и с. Тркање па завршува на јазолот кај Кочани.

Трасата се протега на северниот дел од Кочанската котлина помеѓу Штип и Кочани, северно од реката Брегалница низ површини со земјоделско земјиште,испреплетено со необработено земјиште. Земјата е во главно користена за одгледување ориз, особено во близината на Кочани. Покрај оризот, најприсутен посев пченицата и пченката, а исто така се одгледува и грав, спанаќ, боранија, домати, зелка, пиперки, компири и моркови, грозје и јаболки.

Должината на експресниот пат изнесува 28.1 km. Планираната брзина е 110 km/h со следните технички карактеристики:

- коловозна траса 2 x 3,50 = 7,00m'
- рабна линија 2 x 0,20 = 0,40m'
- <u>тврди банкини 2 x 2,00 = 4,00m'</u>

  вкупна широчина: 11,40m'.

- Банкини 1,50m
- одводен канал + банкина 0,75+1,0=1,75m
- под-нивелета во насип 11,40+2x1,50=14,40m
- под-нивелета во усек 11,40+2x1,75=14,90m
- максимален подолжен нагиб 4%
- максимален попречен нагиб во кривина 7%
- попречен нагиб во права линија 2,5%
- Минимален радиус во хоризонтална кривина R min=700 m
- A min=250

Проектот ќе разгледува технички карактеристики што ќе овозможат идна надградба на експресниот пат во автопат.

5 мостови, 8 натпатници и 5 потпатници ќе бидат изградени за да се овозможи редовна комуникација на локалните жители, четири клучки кај „ТИРЗ“ Штип, кај селото Крупиште, Спанчево и Кочани.

Основниот проект е завршен на крајот на 2015 год. Проектантот постојано ги консултираше локалните власти и другите засегнати страни, па каде што тоа беше возможно, ги разгледуваше мислењата и сугестиите од засегнати страните за унапредување на планот и проектот.

Повеќе технички прашања ќе бидат на располагање на Нетехничкото резиме што е на располагање на: www.roads.org.mk

**Проектирана површина**

Експресниот пат се наоѓа на Источниот плански регион од Република Македонија. Ќе минува низ 4 општини: Штип, Карбинци, Чешиново-Облешево и Кочани (со население од околу 88.000 жители согласно Пописот од 2002 год.). На север од планираниот експресен пат се наоѓаат следните селски населби: Чардаклија, Горни Балван, Жиганци, Соколарци, Спанчево, Бања и Тркање, а на југ Долни Балван, Батање, Крупиште, Карбинци, Уларци, Чешиново, Облешево (Слика 3). Вкупното население во Источниот плански регион е 177.988.




*Слика 3 – Шематска карта на локалните заедници и клучките во проектираната област*
*Извор: ГИ МАКЕДОНИЈА АД (Градежен Институт Македонија) – Чакар и Партнерите*

## 2.3 Значење на проектот

Проектот е една компонента од општиот план за подобрување на мрежата на државни патишта, зацртана во Стратегијата за националниот траспорт (2007-2017). Со оваа стратегија, ЈПДП планира да го надгради државниот пат А3 што ја поврзува Бугарската граница (Црна Скала) со Отовица  преку Три чешми и Кадрифаково. Експресниот пат Штип (Три чешми – Кочани) е дел од овој национален пат А3.

Националната стратегија на Владата е да има подобра транспортна врска во рамките на соседните земји. Развојниот плн на Источниот плански регион за периодот од 2015-2019) наведува дека тековната транспортна инфраструктура во регионот, особено патиштата Штип-Кочани – Штип - Радовиш не ги исполнуваат развојните потреби на регионот.

Се очекува изградбата на новиот експресен пат Штип – Кочани да резултира со:

- Имплементација на Европската транспортна полиција и усогласување и интеграција на националната сообраќајна-транспортна инфраструктура;
- Подобра врска на Република Македонија со соседните земји;
- Подобра врскасо источниот дел на Република Македонија со другите региони;
- Побрз и побезбеден транспорт;
- Зајакнување на националната и локалната економија;
- Подобрување на условите за живот на локалното население;
- Прилика за развивање на туризмот;
- Подобрена безбедност на патиштата долж делница и во поширокиот Регион.

# 3. ПРАВНА РАМКА ЗА АНГАЖМАН НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИТЕ

Согласно македонското законодавство, јавноста треба да биде вклучена во сите етапи на постапката на СОВЖС и ОВЖС и сите одлуки донесени во текот на процесот треба да бидат објавени во соодветните медиуми. Тоа важи за следните документи :

- Одлука на СОВЖС издадена од промотерот на Проектот;
- Потврда на Одлука на СОВЖС од страна на МЖСПП;
- Подготовка на СОВЖС и поднесување на истата до МЖСПП;
- Позитивно мислење за СОВЖС од страна на МЖСПП;
- Јавна расправа(-и) за СОВЖС;
- Конечно позитивно мислење за СОВЖС од страна на МЖСПП, по извештајот од јавната расправа;
- Известие за намерата за имплементација на Проектот (ниво на ОВЖС);
- Одлука за скрининг на ОВЖС;
- Одлука за намерите на ОВЖС;
- Огласување за достапност на ОВЖС студија;
- Нетехничко резиме за ОВЖС студија;
- Извештај за соодветност на студијата ОВЖС;
- Одлука за давање согласност или одбивање на молба за Проектот.

Јавни расправи и можности за поднесување писмени мислења треба да се организираат од Инвеститорот и Министерството за животна средина и просторно планирање за да се овозможи на јавноста да ги изрази своите мислења.

**Консултација во текот на набавката на земјиштето/Експропријација**

***Законот за експропријација*** ги уредува стекнувањето и експропријацијата на земјиште и го проценува за проектите од јавен интерес и снабдува надомест за засегнатиот имот. Во некои случаи, предметите поврзани со проценка на надомест за земјиште може исто така да се третира преку примената на ***Законот за облигации***[1]***.*** Според македонската правна рамка во врска со експропријација, засегнатите сопственици на земјиште и корисниците со законски права мора да бидат консултирани. ЈПДП се одговорни за плаќање и надомест на сопствениците на земјиште и корисниците, вклучително загубата на недвижниот имот/објекти, процесот се концентрира на обидување да се постигне пријателска спогодба за надомест прво да се стекнат имотите со цел да се избегне експропријација. Случаите кога пријателската спогодба за надомест не може да се постигне може да се упатат на Судовите да одлучуваат.

***Друго законодавство***

Во Македонија има други закони што предвидуваат откривање на информации за проектот или поддржуваат пристап до информации, опфаќајќи процеси за подигање жалби, вклучително:

- Закон за градба (Службен Весник на РМ Бр. 130/2009 и неговите амандмани);
- Законот за пристап до јавни информации (СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ Бр. 13/06, 86/08, 06/10, 42/14)
- Законот за постапување по жалби и предлози (СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ бр. 82/08, 13/13)

Во 1999 год., Македонија ги потпиша условите на Архуската Конвенција за пристап до информации, јавно учество при одлучувањето и пристап до правосудството во однос на предмети од животна средина (1998 год.). Архуската Конвенција доделува јавни права во однос на пристап до информации, јавно учество и пристап до правдата во Владините одлучувачки процеси во предмети што се однесуваат на локална, национална и прекугранична средина .Конвенцијата се фокусира на интеракцијата помеѓу јавноста и властите.

**Правна Рамка на ЕБОР**

Согласно барањата од ЕБОР, проектот мора да ги исполнува најдобрите меѓународни практики и барања за ангажман на засегнати страните и јавни консултации, како што е наведено во Политика за животна средина и општествената политика од 2008 год., Барањето за перформанци ПР 10 (Откривање информации и ангажман на засегнати страни). Проектот е категоризиран како Проект од категорија Б согласно Еколошката и општествена политика на ЕБОР за 2008 год.

ЕБОР го смета ангажманот на засегнати страни како суштински дел од добрите деловни практики и корпоративното граѓанство на начин што го подобрува квалитетот на проектите. Особено, ефективниот ангажман на заедницата е централен за успешно справување со ризиците и влијанието врз заедниците засегнати од проектите, и е исто така централно за постигнување зголемени бенефити за заедницата. Да резимираме, следниот систем на ангажман на засегнати страните е применлив на Проектот :

- Идентификација на групите засегнати страни во проектот. Идентификација на засегнати страните, вклучително јавноста што може да биде погодена од изградбата и работењето на проектот.
- Процесот на ангажман на засегнати страни и откривање на информации. Во текот на оваа етапа, неопходно е да се обезбеди идентификуваните засегнати страни да се соодветно ангажирани во еколошки и општествени прашања што потенцијално би можеле да ги погодат преку процес на откривање информации и значајни консултации.

[1] OGRM бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09

- Процесот на консултација ќе се заснова врз откривање информации релевантни за проектните активности и операции. Процесот на консултација ќе се презема на начин што е инклузивен и културолошки соодветен за сите засегнати страни.
- Механизам на жалба. Воспоставување на процес за жалба со кој општата јавност и другите засегнати страни може да бидат загрижени, а кои ќе бидат врачени веднаш и на конзистентен начин.

# 4. СТРАТЕГИЈА ЗА АНГАЖМАН НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИТЕ

Ангажманот на засегнати страните ќе се врши во текот на сите етапи од целиот нивни животниот циклус.

**Фаза 1** – **Проект (тековен – индикативно до декември 2015) -** Оваа фаза е завршена. Проектните активности во оваа фаза беа поврзани со проектирањето на Инфраструктурниот проект, консултацијата со засегнати страните за предложениот проект и финализирање на Основниот проект. Повратните информации од засегнати страните беа собрани, анализирани, и каде тоа беше изводливо, инкорпорирани во Основниот проект и предложени се мерки за ублажување. Стекнувањето на земјиште и Рамката за преселување (РСЗП) ќе биде подготвено со социо-економската студија за премер. Ангажманот на засегнати страните во оваа етапа се извршени од страна на ЈПДП со подршка на Проектантот ГИМ АД – ЧАКАР И ПАРТНЕРИ.

**Фаза 2 – Фаза на повторна реконструкција (период за тендер) (индикативен период од јануари 2016 год. – август 2016).** Во текот на тој период повеќето од активностите на засегнати страните ќе бидат поврзани со процес на експропријација врз основа на Елаборатите ѕа експропријација на РСЗП. Акциониот план за преселување ќе биде изготвен и презентиран на засегнати страните. Пописот ќе биде преземен согласно АПП. Со преземање на пописот, ранливите засегнати страни што може да бидат погодени од проектните активности ќе бидат идентификувани. ЕБОР ќе бара засегнатите лица да бидат подобни да гиподнесуваат нивните жалби согласно АПП вклучително правните рамки. Затоа механизмот на жалби ќе биде ставен на располагање на засегнатите лица. Во таа фаза, активностите на ПАНУ треба да се применат од страна ЈПДП.

**Фаза 3 – Изградба (индикативен период од септември 2016 – септември 2019).** Ангажманот на засегнати страните во оваа фаза ќе се однесува на прашања во врска со градежните работи, здравјето и безбедноста на заедницата, управување со сообраќајот, мерките за ублажување на негативните влијанија врз животната средина, прашањата поврзани со градежниот персонал. Се планира изготвување и разделување на информативни материјали за Проектот. Во таа фаза имплементацијата на ПАНУ ќе бие извршена од страна на ЈПДП, со поддршка од именуван Инженер и именуван Изведувач

**Фаза 4 – Работа (индикативниот период започнува од октомври 2019 год.)**

Во оваа фаза ангажманот на засегнати страните ќе бид во главно поврзан со прашањата за менаџирање на сообраќајот и прашањата за здравјето и безбедноста. Во овој период треба да бидат преземени активности за поддршка на Сообраќајната Полиција и локалната управа од страна на ЈПДП.

# 5. АНГАЖМАН НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

Јавните консултации за ОВЖС студијата за решение на автопатот на Државниот пат А3 (претходно М-5): Бугарска граница (Црна Скала) – Три чешми – Кадрифаково – Отовица беа извршени во февруари 2012 год.:

- 21.02.2012 во Велес
- 21.02.2012 во Свети Николе
- 22.02.2012 во Штип
- 22.02.2012 во Кочани
- 24.02.2012 во Делчево

Повеќе детали се на располагање на : www.moepp.gov.mk/?page_id=1024

Најважните средби за опцијата на реконструкција и надградба на постоечкио пат Штип – Кочани се наведени подолу :

- 30.09.2014 Презентација на СОВЖС за Штип – Кочани беше одржана во с. Облешево ;
- 12.11.2014 Презентација на техничкиот предлог за реконструкција и надградба на постоечкиот пат, кај Општина Чешиново – Облешево со претставници на сите засегнати општини;
- 20.11.2014 Конечен состанок: Претставниците на засегнатите општини информираа дека жителите и локалната управа се строго против предложеното решение поради сообраќајни-просторни, технички, еколошки и социјални причини и дека Инвеститорот треба да разгледа други, помалку штетни варијанти.
- 23.09.2015 Презентацијата и јавната расправа за СОВЖС за прифатената траса беше организирана од ЈПДП. Расправата се одржа во Општина Чешиново -Облешево со учество на претставници на сите погодени Општини и други релевантни засегнати страни напоредно со барањата на националната легислатива.
- Позитивниот извештај за соодветноста на СОВЖС беше издаден од страна на МЖСПП на 13.11.2015.

# 6. ИДЕНТИФИКУВАНИ НОСИТЕЛИ НА ПРОЕКТОТ, ПЛАН ЗА АНГАЖМАН И МЕТОД ЗА КОМУНИКАЦИЈА

Долните табели даваат преглед на идентификуваните засегнати страни, целта на комуникацијата, методите за комуникација и активностите. Табелата треба да биде предмет на продолжителна надградба со земање предвид на аспектите од имплементацијата на ПАНУ.

**Табела 1 - Идентификувани засегнати страни во Проектот**

| Бр | Засегната страна | Цел на комуникацијата | | Метод на комуникација и активности |
|---|---|---|---|---|
| | | Период пред изградба | Период на изградба | |
| ***Директно или индиректно влијание од Проектот*** | | | | |
